OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 21 април 2017 година

**Охридска банка Сосиете Женерал прогласена за "Најдобра банка во Македонија за 2017г." од светскиот финансиски магазин Глобал Фајнанс**

Светскиот финансиски магазин Глобал Фајнанс (Global Finance), публикација на Светска Банка од Вашингтон, ја објави листата на добитници на престижната награда "Најдобра банка за 2017 година" во регионот на Централна и Источна Европа.

Втора година по ред, Охридска банка Сосиете Женерал е единствената банка од Македонија носител на признанието "Најдобра банка во Македонија", овојпат за 2017 година, која според уредничкиот одбор на магазинот, еминентните аналитичари од областа и извршни директори во индустријата, покажува најдобри резултати при евалуација на објективни и субјективни критериуми за анализа.
Како објективни критериуми при анализата предвид се земаат: раст на активата, профитабилност, географска покриеност, стратешки партнерства, нов бизнис развој и иновативни производи; додека како субјективни се мислењата и ставовите на кредитни и банкарски аналитичари од индустријата. Со цел да ја зголеми точноста и релевантноста на податоците, Глобал Фајнанс спроведува и анкета меѓу своите читатели, со што дополнително го потврдува кредибилитетот на призанието.

„*Оваа награда е навистина значајна за Охридска банка Сосиете Женерал. Не само што е потврда за нашата напорна работа и добрите финансиски резултати, но истовремено е и уште една потврда дека успехот кој го постигнавме минатата година не е случаен. По тројната круна од „Global Finance", „Euromoney" и „The banker" во 2016 година, оваа награда е уште еден доказ за континуираниот раст на банката и нејзината позиција како сигурен финансиски партнер на компаниите и населението. Горди сме што сме значаен учесник во целокупната економија во земјата и нејзиниот одржлив развој. Ние сме банка која постојано расте и успешно поставува нови стандарди во банкарскиот систем во Република Македонија.*
*И оваа реномирана награда за „Најдобра банка во Македонија" за 2017 ја посветуваме на сите наши клиенти, чиј број постојано расте и денес достигнува повеќе од 75.000, како и на сите наши вработени, чија напорна работа и посветеност носи успеси за сите нас*." изјави **Бранка Павловиќ**, Претседател на Управниот Одбор на Охридска банка Соситете Женерал.

Оваа година, признанијата беа доделени на 22 банки во 22 држави во Централна и Источна Европа. Целта на Наградите за Најдобра банка е препознавање на финансиските институции кои покажуваат натпросечни напори во испорачување на

OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP

производи и услуги кои ги пресретнуваат уникатните потреби на клиентите, се вели во изјавата на **Јосеф Д. Гиарапуто**, издавачот и директор на Глобал Фајнанс магазинот.

Глобал Фајнанс е основан 1987 година и денес има огромен тираж и читатели во 192 земји ширум светот и тоа претседатели на групации, главни извршни директори, главни финансови директори и финансиски експерти. Веб страната на магазинот (GFMag.com) изобилува со анализи и написи кои претставуваат ризница на 30 годишно искуство на интернационални финансиски пазари и претставуваат вреден извор на релевантни податоци за 192 земји. Седиштето на Глобал Фајнанс се наоѓа во Њујорк, а има канцеларии и во Лондон и во Милано.
Наградата на Охридска банка Сосиете Женерал за најдобра банка од Македонија на пазарите од Централна и Источна Европа ќе и биде доделена на свечена церемонија на 14 октомври 2017 година во рамките на годишното собрание на ИМФ / Светска банка (IMF/World Bank) во Вашингтон, САД.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker”. Во 2017 година е добитник на престижната награда од Светскиот финансиски магазин Глобал Фајнанс за „Најдобра банка во Македонија“.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Референт за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682